**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Верзија 3.0

**П Р А В И Л А**

**за работа на**

# М И П С
# (Македонски Интербанкарски Платен Систем)

Систем на
Народна банка на Република Македонија
за порамнување помеѓу банките и другите учесници
во реално време на бруто основа

*Јуни 2008 година*

# I. Поим

### Член 1

Македонскиот Интербанкарски Платен Систем (во натамошниот текст: МИПС) претставува бруто систем за порамнување во реално време (РТГС систем) кој Народна банка на Република Македонија го става на располагање на овластените учесници согласно член 3 од Правилата за работа на МИПС (во натамошниот текст: Правила).

# II. Сметки во МИПС

### Член 2

Отворањето на сметка во Народна банка на Република Македонија се регулира со посебен Договор помеѓу Народна банка на Република Македонија и учесникот. Паричните средства на сметките се водат во денари.

Сите промени на сметката се евидентираат на бруто основа во реално време.

Под "бруто основа" се подразбира поединечно процесирање на сите пораки. Под "реално време" се подразбира процесирање на пораките во системот во најкус можен рок.

Сите сметки на учесникот отворени во Народна банка на Република Македонија му се достапни преку МИПС.

Учесникот може да овласти и други учесници во МИПС да ги задолжуваат неговите сметки, со поднесување на образецот **Овластување за задолжување на сметка од друг Учесник**.

Учесникот може да ја овласти Народна банка на Република Македонија да му ги блокира одливите од сметката во определен период, согласно со образецот **Овластување за блокирање на одливите од сметката**.

Учесниците во МИПС може да сервисираат сметки на други субјекти кои имаат отворено сметка во Народна банка на Република Македонија. Субјектите чии сметки се сервисираат поднесуваат образец **Овластување за сервисирање на сметката на подносителот** во Народна банка на Република Македонија од страна на учесник во Македонскиот Интербанкарски Платен Систем.

# III. Овластени учесници

### Член 3

МИПС е затворен систем со познат број на Учесници.

Учесници во МИПС може да бидат:

1. Народна банка на Република Македонија;
2. Носители на платен промет;
3. Брокерски друштва;
4. Клириншки системи;
5. Трезорскиот систем; и
6. Останати институции согласно со договор со Народна банка на Република Македонија.

# IV. Учество во МИПС

**Член 4**

Сите податоци во врска со работењето во МИПС, учесникот ги поднесува на обрасци пропишани од Народна банка на Република Македонија, освен ако за одредена намена не е пропишан образец. Форматот на пропишаните обрасци е даден во прилог на овие Правила.

Обрасците се заверуваат со:

- печат и потпис на лицето овластено да го застапува учесникот, ако се работи за **ДОГОВОР за учество во МИПС, БАРАЊЕ за учество во МИПС**, **ПРИЈАВА за одговорен службеник во врска со МИПС кај учесникот** или **ОВЛАСТУВАЊЕ за задолжување на сметка од друг учесник,**
- потпис на службеникот за сигурност ако се работи за **ПРИЈАВА на јавен клуч** или
- потпис од одговорниот службеник во врска со МИПС за другите обрасци.

Учесникот не смее да пополнува во полињата со сива позадина кои се означени за пополнување од страна на Народна банка на Република Македонија.

При доставување на обрасците секогаш треба да се доставува последната верзија. Погрешно пополнетите обрасци се неважечки.

Во случај на промена на претходно доставените податоци се пополнува нов образец. Со неговото доставување во Народна банка на Република Македонија, податоците од претходниот образец со ист наслов престануваат да важат.

На документи и обрасци каде е предвидено да се потпишува некое одговорно лице претходно пријавено со обрасците в Народна Банка на Република Македонија, неговиот потпис може да биде заменет со потпис на лице овластено да го застапува учесникот.

**Член 5**

За зачленување во МИПС, учесникот треба да достави **БАРАЊЕ за учество во МИПС**.

Во барањето учесникот мора да пријави банкарски код за идентификација (BIC код) кој ќе го користи за работа во МИПС. Овој код треба да биде во сопственост на учесникот.

Барањето треба да се поднесе најдоцна 30 дена пред предвидениот термин за започнување со работа во МИПС. По исклучок, Народна банка на Република Македонија може да одобри започнување со работа и во пократок рок.

По обработката на барањето, Учесникот треба да склучи **ДОГОВОР за учество во МИПС** и да назначи одговорен службеник во врска со МИПС со доставување на **ПРИЈАВА на одговорен службеник во врска со МИПС кај Учесникот**.

Комуникацијата по сите прашања во врска со МИПС се одвива преку одговорниот службеник, освен ако поинаку не е утврдено со овие правила.

**Член 6**

Учесникот може да се поврзе на МИПС на еден од пропишаните начин на пренесување пораки до МИПС, при што треба да користи сигурни врски за примање и пренесување на пораки.

Учесникот е должен да пријави на кој начин ќе ги пренесува пораките во МИПС. За таа цел се поднесува образецот **ПРИЈАВА на начин на пренесување на пораки во МИПС**.

Документите за начините за пренесување на пораки во МИПС се составен дел на овие правила.

Учесникот е должен да ги пријави техничките податоци за системот со кој ќе се поврзува на МИПС на образецот **ИНФОРМАЦИИ од Учесникот во врска со приклучокот за учество во МИПС**, како и да ги користи параметрите наведени од Народна банка на Република Македонија во образецот **ИНФОРМАЦИИ за Учесникот во врска со приклучокот за учество во МИПС**.

Учесникот безусловно се обврзува:

1. Да ја извести Народна банка на Република Македонија за секој проблем во врска со услугите што ги користи во МИПС.
2. Да соработува во врска со испитувањето, утврдувањето и разрешувањето на евентуален проблем.
3. Да се придржува на инструкциите кои ги добива од овластените лица во Народна банка на Република Македонија.
4. Да ги исправи веднаш евентуалните грешки кои може да се појават во текот на работењето, кои се во негова одговорност.
5. Да одговори исправно и брзо на секоја процедура на исправка на грешки или на мерки кои ги превземаат овластените лица во Народна банка на Република Македонија за да се елиминира евентуален проблем во врска со обезбедувањето на услугите што ги овозможува МИПС системот.
6. Да ги извести одговорните лица во Народна банка на Република Македонија веднаш ако стане свесен за некакви недостатоци за безбедноста, што може да влијаат на услугите што ги користи во МИПС.
7. Да ги извести одговорните лица во Народна банка на Република Македонија веднаш ако стане свесен за некакви неавторизирани активности во МИПС системот.

Сите контакти со Народна банка на Република Македонија во врска со МИПС се остваруваат преку лицата одговорни за МИПС чии детали за контакт се дадени во Прилог на овие правила.

**Член 7**

Народна банка на Република Македонија може привремено или трајно да го отстрани секој учесник во МИПС, доколку:

1. Учесникот го изгуби статусот што му овозможува да биде учесник согласно со член 3 на овие Правила;
2. Кај учесникот е воведена стечајна постапка;
3. Учесникот ги прекрши прописите на Народна банка на Република Македонија;
4. Учесникот не исполнува еден или повеќе критериуми за учество во МИПС;

5. Учесникот предизвикува сериозни проблеми во работењето на МИПС и со тоа претставува сериозен ризик за системот;
6. Учесникот превзема активности со кои се попречува работењето на МИПС системот; и
7. Учесникот не ги исполнува обврските кои произлегуваат од: Договорот за Учество во МИПС, Правилата за работа во МИПС и документите што произлегуваат од овие правила.

Учесникот ќе биде писмено известен за причините за отстранувањето од МИПС системот.

**Член 8**

За веродостојноста на пораките пратени од учесникот, правото за испраќање и примање на пораки кај учесникот, кодирањето, содржината на примените пораки од МИПС, пратените пораки до МИПС и нивното навремено пристигнување во МИПС одговара учесникот.

Секое прекршување што се однесува на вработени, сектори или на останати ограничувања на правото на праќање и примање на пораки во внатрешните односи на учесникот, немаат влијание врз валидноста на пораките во однос на другите учесници и во однос на Народна банка на Република Македонија.

Податоците што ги поседува учесникот кои произлегуваат од електронската комуникација на МИПС не смеат да се користат за цели со кои би се кршеле законските прописи. Користењето на податоците за такви цели е во целосна одговорност на учесникот.

**Член 9**

Учесникот е должен да пријави службеник за сигурност во МИПС од негова страна. Пријавувањето се изведува со пополнување на **ПРИЈАВА на службеник за сигурност во МИПС кај учесникот**.

Во надлежност на службеникот за сигурност е генерирањето на електронски клуч за автентификација за логичкиот терминал на банката, пријавувањето на електронските клучеви за автентификација и инсталирање на јавниот електронски клуч на МИПС кај учесникот.

Во случај на потреба, службеникот за сигурност кај Учесникот доставува Пријава на јавен клуч на учесникот и корисниците до службеникот за сигурност во МИПС во Народна банка на Република Македонија, инсталира и менува лозинки за пристап до системот и се грижи за сигурноста на логичкиот терминал од страна на учесникот.

Со своите активности тој не смее да ја наруши комуникацијата во системот.

**Член 10**

Размената на јавните клучеви на учесниците во МИПС се остварува со Службеникот за сигурност во МИПС, чии детали за контакт се дадени во прилог на овие правила. Размената на клучеви може да се одвива на два различни начини:

1. Редовна размена на клучеви и
2. Вонредна размена на клучеви.

Редовната размена на клучеви се одвива во точно определен временски период за кој учесниците се информираат со известување од страна на Народна банка на Република Македонија. При тоа, сите учесници преку службеникот за сигурност се должни да пријават нови јавни клучеви во определениот термин.

Народна банка на Република Македонија може да определи термин за редовна размена и пред истекот на важноста на претходните јавни клучеви.

Вонредната размена на клучеви може да биде пред редовната, на барање на учесникот во МИПС при што може да се вршат следните постапки:

- Доставување на нов клуч на учесник; и
- Поништување на претходно разменет јавен клуч на учесник.

При новата размена, клучевите треба да важат до пропишаниот рок на важење од последното известување на Народна банка на Република Македонија за редовна размена на клучеви. Клучевите може да важат најрано од првиот нареден ден по доставувањето во Народна банка на Република Македонија.

Поништување на јавен клуч на учесник се прави на барање од службеникот за сигурност во МИПС од страна на учесникот. По исклучок, во итни случаи, поништувањето може да се изврши веднаш со телефонски повик на службеникот за сигурност во МИПС од страна на учесникот до Одговорниот службеник за МИПС во Народна банка на Република Македонија. По приемот на телефонскиот повик, Службеникот во Народна банка на Република Македонија врши проверка на веродостојноста на телефонскиот повик со повторен телефонски повик до службеникот за сигурност во МИПС од страна на учесникот врз основа на податоците за телефонскиот број претходно пријавени во Народна банка на Република Македонија со соодветен образец, а Учесникот е должен во рок од 60 минути од телефонскиот повик да достави барање за поништување на јавниот клуч по телефакс. Писменото барање за поништување на јавниот клуч, треба да пристигне во Народна банка на Република Македонија во рок од 48 часа од моментот на телефонскиот повик.

Народна банка на Република Македонија се обврзува во период не подолг од 60 минути по приемот на барањето за поништување на јавен клуч да ги спроведе потребните промени во МИПС системот поврзани со поништувањето и за тоа да го извести Учесникот преку МИПС системот.

Учесникот е одговорен за сите последици настанати во рамките на периодот од претходниот став од овој член.

**Член 11**

Во случај на промени кај одговорните лица и податоците за нив, како што се: напуштање на работното место, промена на работното место, промена на телефони и слично, учесникот е должен да ја извести Народна банка на Република Македонија со доставување на нов образец.

**Член 12**

Одговорните лица кои се пријавени во Народна банка Република Македонија се должни да ги познаваат Правилата за Работа на МИПС и соодветните документи кои произлегуваат од овие правила.

Последиците кои произлегуваат од непознавање или неспроведување на одредбите од Правилата за работа на МИПС и соодветните документи кои произлегуваат од овие правила ги сноси учесникот кој ги пријавил овие одговорни лица.

# V. Обработка на пораки

## Член 13

Пораките за пренос на средства помеѓу учесниците и вршењето на останатите работи во МИПС се врши со соодветно пропишани пораки. Намената на пораките е утврдена со документот **Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС** кој е составен дел на овие правила. Пораките ќе бидат обработени само ако ги исполнуваат следниве услови:

1. Пораката треба да биде примена на пропишаниот начин за пренесување на пораки кој го избрал учесникот;

2. Пораката треба да е во формат пропишан од Народна банка на Република Македонија согласно со документот **Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС**;

3. Пораката треба да содржи податоци за проверка на автентичноста;

4. Пораката треба да пристигне кај Народна банка на Република Македонија во текот на работното време на МИПС за секој поединечен тип на порака;

5. Сметката на налогодавачот и/или налогопримачот кај Народна банка на Република Македонија, која е потребна за обработка на една порака, треба јасно да ги содржи потребните информации и

6. Да не постои забрана за работење на сметките или учесниците кои се вклучени во трансакцијата.

Онаа порака која што не може да се обработи од страна на МИПС системот ќе биде одбиена, преку испраќање на соодветна порака за грешка и истата нема да се уважи.

Електронските пораки и документи кои ги задоволуваат точките од став 1 од овој член, со кои МИПС системот комуницира со учесниците имаат иста валидност како да се издадени во хартиена форма.

## Член 14

Пораките за пренос на средства, кои што се примени во МИПС ќе бидат реализирани ако има доволно покритие на сметката на учесникот и ако не постојат пораки за пренос на средства со еднаков или повисок степен на приоритет во редот на чекање, согласно со член 18 од овие Правила.

Пораката за пренос на средства која нема да биде реализирана согласно став 1 од овој член ќе биде ставена во ред на чекање.

Народна банка на Република Македонија ја активира процедурата за разрешување на пораките кои се во ред на чекање преку нето пребивање во следните случаи:

- доколку постојат платни пораки во ред на чекање на два или повеќе учесници, од кои првата порака за секој Учесник е подолго од 60 минути;

- на барање на два и повеќе учесници кои имаат пораки во ред на чекање;

Во процедурата на разрешување во смисла на претходниот став од овој член, за пораки кои се во ред на чекање со различен степен на приоритет иницирани од ист Учесник предност на извршување имаат оние пораки со повисок степен на приоритет без разлика на времето на пристигање, а за пораки кои се во ред на чекање со ист степен на приоритет иницирани од ист Учесник предност на извршување имаат пораките според времето на пристигнување во МИПС системот, односно порано пристигнатите пораки.

Пораките за пренос на средства кои што се во ред на чекање по Моментот 8 ќе бидат вратени на Учесникот.

**Член 15**

Народна банка на Република Македонија во било кој термин во текот на работниот ден може да одобри дозволени дневни пречекорувања за сметките на Учесниците.

Народна банка на Република Македонија во било кој термин од текот на работниот ден може да изврши повеќекратна промена на дозволените дневни пречекорувања за сметките на учесниците.

**Член 16**

Народна банка на Република Македонија во било кој термин во текот на работниот ден може да пропише дневни лимити за сметките на учесниците.

Народна банка на Република Македонија во било кој термин од текот на работниот ден може да изврши повеќекратна промена на дневните лимити за сметките на учесниците.

**Член 17**

Под покритие на сметка на Учесник се подразбира состојбата на сметката намалена за пропишаните дневни лимити од страна на Народна банка на Република Македонија.

Во случај на налози издадени издадени од Учесникот или лице овластено од него со пропишан образец, покритието се зголемува за дозволеното дневно пречекорување, пропишано од Народна Банка на Република Македонија.

**Член 18**

При испраќање на пораките за пренос на средства, Учесникот може да постави различни степени на приоритет. Пораките за пренос со повисок степен на приоритет ќе бидат обработени пред оние пораки со понизок степен на приоритет кои не се порамнети. Во рамките на еден степен на приоритет поединечните пораки за пренос на средства ќе се обработуваат според редоследот на нивното пристигнување.

Пораките може да имаат степен на приоритет во интервалот од 1 до 99, каде 1 е највисок, а 99 најнизок степен на приоритет.

Учесникот може да поставува степени на приоритети во интервалот од 10 до 99. Учесникот, при издавањето на **ОВЛАСТУВАЊЕ за задолжување на сметка од друг учесник,** може да овласти други учесници да задаваат пораки на товар на неговата сметка со приоритети: од 6 до 99, од 6 до 9 или од 10 до 99.

Доколку не се постави степен на приоритет на пораката, се смета дека степенот на приоритет е 99.

Приоритетите се задаваат со целобројни вредности.

Степенот на приоритет на една порака за пренос на средства може да се менува од страна на учесникот кој ја издал таа порака. Промената може да се изврши до моментот на реализирање на пораката за пренос на средства.

**Член 19**

Плаќањето во корист на:

- друг учесник кој има сметка во Народна банка на Република Македонија или
- друга своја сметка во Народна банка на Република Македонија

учесникот го врши преку својата сметка во Народна банка на Република Македонија која е назначена во пораката или преку друга сметка која е назначена во пораката, ако за истата има овластување да ја задолжува.

**Член 20**

Евентуалните рекламации на извршените трансакции во МИПС се разгледуваат доколку пристигнат во рок од три дена сметано од моментот на обработка.

При разгледувањето на рекламациите Учесникот е должен да соработува и да ги достави сите барани податоци во врска со работењето во МИПС, а како валидни податоци се земаат податоците од МИПС системот и електронските пораки од МИПС системот кај Учесникот кои може да се автентизираат дека потекнуваат од МИПС.

## VI. Повлекување на налози за плаќање

**Член 21**

Повлекување на една порака за пренос на средства од учесникот е можно само во случај ако пораката е во ред на чекање согласно со член 14 став 2 од овие Правила, односно ако не е извршена.

## VII.Работни денови

**Член 22**

МИПС системот им стои на располагање на учесниците во сите работни денови.

Во смисла на овие Правила работен ден е секој ден освен сабота, недела и празници кои што се прогласени за неработни денови во Република Македонија.

## VIII. Работно време

**Член 23**

Активирањето на системот започнува во моментот СИСТЕМСКИ СТАРТ и завршува во моментот СИСТЕМСКИ КРАЈ.

Работното време е поделено во следниве фази:

**а) Момент СИСТЕМСКИ СТАРТ;**

Од овој момент системот им стои на располагање на следните учесници и тие може да доставуваат пораки за пренос на средства:

- Носители на платен промет;
- Брокерски друштва;
- Трезорскиот систем и
- Останати учесници согласно со член 3 точка 6 од овие Правила.

**б) Момент 1;**

Од овој момент МИПС стои на располагање за клириншко порамнување на Интернационален Картичен Систем АД Скопје (во понатамошниот текст: КаСис).

**в) Момент 2;**

Од овој момент МИПС стои на располагање за клириншко порамнување на Централен депозитар за хартии од вредност АД, Скопје (во понатамошниот текст: ЦДХВ).

**г) Момент 3;**

Во овој момент МИПС престанува со примање на пораки за клириншко порамнување на ЦДХВ. До овој момент ЦДХВ треба да ја доведе својата сметка за порамнување на хартии од вредност на 0,00 (нула) денари.

Во овој момент МИПС престанува со примање на пораки за клириншко порамнување на КаСис. До овој момент КаСис треба да ја доведе својата сметка за порамнување на 0,00 (нула) денари.

**д) Момент 4;**

Од овој момент МИПС стои на располагање за Клириншката куќа АД, Скопје (во понатамошниот текст: КИБС) и од овој момент КИБС може да доставува пораки за клириншко порамнување.

**ѓ) Момент 5;**

Во овој момент МИПС престанува со примање на пораки за клириншко порамнување од КИБС. До овој момент КИБС треба да ја доведе својата сметка за порамнување на 0,00 (нула) денари.

**е) Момент 6;**

Во овој момент МИПС престанува со примање на пораки за пренос на средства од:

- Трезорскиот систем и
- Останати учесници согласно член 3 точка 5 од овие Правила.

**ж) Момент 7;**

Во овој момент МИПС престанува со примање на пораки за пренос на средства од носителите на платниот промет за нивните клиенти.

**з) Момент 8;**

Во овој момент МИПС престанува со примање на секакви пораки за пренос на средства.

По исклучок, по овој момент МИПС прима налози за ломбарден кредит од Дирекцијата за централно банкарски операции и девизни резерви при Народна Банка на Република Македонија.

ѕ) **Момент 9;**

Од овој момент МИПС престанува со примање на налози за ломбарден кредит.

Од овој момент МИПС издава изводи за сите сметки за сите учесници.

**и) Момент СИСТЕМСКИ КРАЈ;**

Исклучување на МИПС.

Времето во кое започнуваат пропишаните моменти е дефинирано со **Терминскиот план**, составен дел од овие Правила.

**Член 24**

За сите останати пораки кои не претставуваат пренос на средства МИПС стои на располагање од моментот СИСТЕМСКИ СТАРТ до моментот СИСТЕМСКИ КРАЈ.

**Член 25**

Во итни или непредвидени случаи Народна банка на Република Македонија има право да го промени работното време на МИПС, за што ќе ги извести сите Учесници во МИПС системот.

Народна банка на Република Македонија може да го прекине работењето на МИПС во текот на денот заради:

- рутинско одржување;
- неопходна техничка интервенција;
- извршување промени во МИПС системот;
- надградба на МИПС системот;
- постапување по барање на овластени институции и
- промена на сертификат на порано сертифициран јавен клуч.

**Член 26**

Работното време може да биде продолжено по барање на еден или повеќе учесници.

Барањето за продолжување на работното време во смисла на став 1 од овој член се доставува со порака МТ 999, а доколку не постојат технички можности тогаш барањето се доставува по телефакс и телефонски се известува дежурниот оператор на МИПС системот.

Продолжување на работното време на МИПС системот во смисла на став 1 од овој член може да биде најмногу 60 минути, независно дали постојат повеќе барања едно по друго.

Доколку Народна банка на Република Македонија оцени дека може да настане системски проблем продолжување на работното време може да биде и подолго од 60 минути.

При продолжување на работното време сите останати моменти од терминскиот план се praеместуваат за одобреното продолжување.

# IX. Извод

**Член 27**

За сите реализирани промени на една сметка во еден работен ден на крајот на денот се издава извод.

Изводот содржи почетна состојба на сметката, износ и референца на пораките кои извршиле промена на сметката и завршна состојба на сметката.

Народна банка на Република Македонија има право да издаде нов извод за ист датум на валута и по Моментот **Системски крај.** Во тој случај, за конечен извод се смета изводот кој е најдоцна генериран, а сите претходни изводи во рамките на истиот датум на валута се сметаат за прелиминарни.

Доколку во рок од 3 дена по издавањето на изводот, Народна банка на Република Македонија не прими писмена рекламација на содржината на изводот, се смета дека учесникот се согласува со состојбата на сметката.

Народна банка на Република Маедонија не смее да врши било какви промени на состојбата на сметките на Учесниците за периоди кои му претходат на тековниот работен ден.

# X. Блокирање на сметка

**Член 28**

Народна банка на Република Македонија има право да ја блокира сметката на учесникот.

Сметката може да биде блокирана за сите приливи, за сите одливи или за сите приливи и одливи.

Блокирањето на сметката стапува на сила веднаш и за тоа му се соопштува на учесникот.

Блокирањето на сметката предизвикува пораките за прилив и/или одлив на одредената сметка да не бидат веднаш извршени, туку истите остануваат во ред на чекање. Ако сметката се деблокира во текот на денот истите се извршуваат, а ако не на крајот на денот се поништуваат.

Во случај некој учесник да уплати средства кон сметка која е блокирана за прилив, ќе биде соодветно известен дека сметката е блокирана, а пораката ќе остане во редот за чекање.

# XI. Надоместок

**Член 29**

За активностите во МИПС се наплатува надоместок, согласно Одлуката за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги врши Народна банка на Република Македонија.

# XII. Архивирање

**Член 30**

Учесникот е должен да врши архивирање на податоците кои произлегуваат од неговата комуникација со МИПС системот.

Чувањето на архивираните податоци Учесникот го усогласува со постојните прописи.

**Член 31**

Народна банка на Република Македонија се обврзува да му достави преку МИПС системот копија на порака на Учесникот доколку не е постара од 7 денови на валута.

Учесникот може да побара и копија на пораки кои се со постар датум на валута со претходно писмено барање потпишано од страна на одговорниот службеник во врска со МИПС кај Учесникот.

# XIII. Преодни и завршни одредби

**Член 32**

Народна банка на Република Македонија со цел за зголемување на сигурноста и ефикасноста во работењето на МИПС може да ги промени овие Правила и документите што произлегуваат од нив , за што писмено ќе ги извести сите учесници.

Доколку Учесникот во рок од 7 дена од приемот на документите од став 1 на овој член не упати писмена забелешка потпишана од одговорниот службеник во врска со МИПС кај Учесникот, тоа значи дека се согласува со промените.

Правилата за работа на МИПС и документите што произлегуваат од нив во електронска форма се достапни до учесниците и преку официјалната интернет страна на Народна банка на Република Македонија.

**Член 33**

Обрасците кои беа доставени согласно со претходните верзии на овие правила, продолжуваат да важат.

**Член 34**

Оваа верзија на Правилата стапува на сила на 20.06.2008 година.

## Прилог 1

### Термински план за работа на МИПС

| | |
|---|---|
| Момент СИСТЕМСКИ СТАРТ | 07:30 |
| Момент 1 | 09:00 |
| Момент 2 | 10:00 |
| Момент 3 | 11:00 |
| Момент 4 | 14:30 |
| Момент 5 | 15:30 |
| Момент 6 | 16:30 |
| Момент 7 | 16:30 |
| Момент 8 | 17:00 |
| Момент 9 | 17:05 |
| Момент СИСТЕМСКИ КРАЈ | 17:30 |

## Прилог 2

### Одговорни лица во врска со МИПС<br>во Народна банка на Република Македонија

Службеникот за МИПС може да се контактира:
- на телефон: (02) 3108 282 или
- на e-mail: mips@nbrm.gov.mk

Службеникот за сигурност во МИПС може да се контактира:
- на телефон: (02) 3 108 447 или
- на e-mail: mirceskit@nbrm.gov.mk